Телефон: +38946511000
Факс: +38946511567
www.uist.edu.mk

Партизанска бб.
6000 Охрид
Република Северна Македонија

Бр. 02-436/2
Охрид, 1.7. 2024 год.

Врз основа на член 94 точка 17 од Законот за високото образование и член 130 од Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид, Универзитетската изборна комисија на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид, на состанок одржан на ден 01.07.2024 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**За избор на Претседател на Универзитетска изборна комисија**

1. За Претседател на Универзитетската изборна комисија едногласно се избира:
   - Вонр. проф. д-р Атанас Христов, вонреден професор на Факултетот за информатички и комуникациски науки.
2. Претседателот е овластен да ги свикува и да раководи со состаноците на комисијата, да ја организира и координира нејзината работа, да ги потпишува актите кои ги донесува комисијата согласно Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот и Упатството за постапката за избор на ректор, како и да ги координира активностите со изборните комисии на ниво на факултети, согласно утврдените активности со Роковникот за постапката за избор на ректор, арх. бр. 02-422/5 од 26.06.2024 година.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Сенатот на Универзитетот со Одлука арх. бр. 02-422/4 од 26.06.2024 година формираше Универзитетска изборна комисија за спроведување на постапката за избор на ректор на Универзитетот, за мандатен период 2024-2027 година.
По предлог на доц. д-р Расим Салкоски, за Претседател на комисијата, со јавно гласање, едногласно беше избран вонр. проф. д-р Атанас Христов.

**Претседател**
**на Универзитетската изборна комисија**

-------------------------------------------
вонр. проф. д-р Атанас Христов

Доставено до: Архива
Ректор
Веб страна на УИНТ